**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26.11.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6016 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во осмиот десетдневен период пред почетокот на изборната кампања, од 11 до 20 ноември 2016 година, со мониторингот на изборното медиумско претставување, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет на мониторинг согласно Методологијата. Радиото емитува вести

со времетраење од 1 до 2 минути, на секој половина час, поврзани со најактуелните теми и случувања од земјата и светот.

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

*„Ноќен експрес“*

На 12 ноември 2016 година, со почеток во 12 часот и 5 минути, се емитуваше репризното издание на „Ноќен експрес“ на тема – Институциите ги штитат работодавачите наместо работниците. Гости во емисијата беа: Димитар Апасиев – професор по римско право и стручњак за синдикално организирање; Ангел Димитров – претседател на Организацијата на работодавачи на Македонија; Горан Трајков – здружение „Гласно“. Беше направен и разговор со Јаким Неделков, претседател на СОНК. Емисијата главно беше фокусирана на синдикалното организирање на текстилните работници во источниот дел на Македонија.

На 13 ноември 2016 година, со почеток во 13 часот и 15 минути, се емитуваше репризното издание на „Ноќен експрес“ на тема – Политичарите побогати од бизнисмените? Гости беа: Миомир Серафимовиќ – новинар истражувач и Џелал Незири – истражувач ЗГ „Скуп“. Се емитуваше телефонска анкета за тоа кој е најбогат политичар во Македонија, дали политичарите имаат пари колку секој втор бизнисмен, дали бизнисмените тежат колку секој втор политичар во Македонија, дали се сметаат за богати итн? Со изјави одговарајќи на овие прашања беа вклучени: Ивон Величковски, претседател на ЛП; Јове Кекеновски од ФРОДЕМ; Есад Рахиќ, политичар. Беше направена и анкета со градоначалници. На зададените прашања одговараа: Арсенчо Алексов, градоначалник на Крива Паланка; Зоран Дамјановски, градоначалник на Куманово; Ратко Димитровски, градоначалник на Кочани.

На 14 ноември 2016 година, со почеток во 20 часот и 56 минути, се емитуваше премиерно издание на „Ноќен експрес“ на тема: „Одумирање или ново раѓање на телевизијата“. Гостин беше: Жарко Димитриоски – Еден на еден. Прашањата за темата беа: Дали интернетот ќе ја убие телевизијата, или телевизијата ќе го искористи квалитетот на интернетот и ќе продира уште повеќе? Беше направена и телефонска анкета која ги опфати следниве прашања: Што гледате на телевизија?; Што мразите да гледате?; Што ќе се случува со телевизијата? На зададените прашања одговараа и: Александра Тануровска – Македонско радио 2; Маја Вукичевиќ; Александар Ристовски Принц; Богдановска Сани; Предраг Петровиќ; Зоран Ристевски; Камелија Шојлевска; Горазд Цветковски. Беа направени интервјуа со Дејан Георгиевски од Центарот за развој на медиумите; Бранко Огњановски (К-15) и со Василена Кунева – ТВ Балканика. Репризното издание беше на 19 ноември 2016 година.

На 16 ноември 2016 година, со почеток од 21 часот во Ноќен експрес се разговараше и анализираше прислушувањето преку ИТ- технологијата - темата беше најавена како: „Големиот брат на нашата улица или Орвел од нашата улица“. Гости беа: Дамјан Георгиевски – од „Слободен софтвер“ и Ванчо Ордановски –од Инфопроект. Во еден дел од емисијата беа пуштени снимки од прислушуваните разговори т.н.„бомби“ со Гордана Јанкулоска, Зоран Ставревски, Миле Јанакиески, Мартин Протуѓер, Сашо Мијалков, Никола Груевски. Стана збор и за измените на Законот за следење на комуникациите кој беше променет во 2010 година, со кои Службата за државна безбедност не бара налог за прислушување од судија за одредено лице, туку директно влегува во системите на телекомуникациските оператори без да бараат дозвола од нив. Беше направена и анкета на тема: Дали се чувствувате нелагодно дека некој ве следи преку компјутер, телефон? На оваа анкета одговараа: Горан Митевски – поранешен директор на ДБК, кој вели дека има прислушувања и дека тоа нема да престане. Верува дека ќе има реална судска одлука; Ивана Тасев – новинар; Симо Груевски, поранешен член УО на Телеком, кој рече дека имал можност да прислушкува и вели дека тоа ќе

остане заштита на државата. Стана збор и за системот за прислушување „Фин фишер", кој меѓу 30 земји во светот го има и Македонија. Репризното издание беше на 20 ноември 2016 година.

*„Стадион"*

Премиерното издание на емисијата „Стадион" беше на 12 ноември 2016 година. Темата беше – „Изборните листи." Воведните насоки за емисијата беа: Судир на Никола Груевски, Зоран Заев и Слободан Богоевски во четвртата изборна единица; кој ќе победи во четвртата изборна единица тој ќе биде и победник. Беше констатирано дека Јанко Бачев од Народното движење на Македонија се предомислил и решил да се кандидира во четвртата изборна единица. Водителката читаше статус од лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски на Фејсбук кој се однесува на неговата кандидатура во четвртата изборна единица и судирот со лидерот на опозицијата Зоран Заев. Беа пренесени изјавите на Заев и Груевски за објавувањето на коалициите. Беше прочитана изјава на британскиот амбасадор во Македонија Чарлс Гарет во врска со луѓето за кои се води истрага, а се кандидираат за пратеници. Арбр Шабани од ДИК зборуваше за листите, односно за процедурите за верификување и последователните активности. Слушателите и овојпат активно беа вклучени во емисијата со ставови и прогнози за изборите.

На 19 ноември 2016 година (09:57:31- 11:54.21) во Стадион се разработуваше темата „УБК на таргет". Воведните насоки дадени од водителката беа: „Се расчистија ли облаците на тема прислушување по прес-конференцијата на СЈО или само уште една обвинителска теорија, како обид за фрлање магла пред изборите? Ова се најчестите коментари во нашето поларизирано општество по објавувањето на информациите од СЈО дека поседуваат докази дека не странски служби, не жолти комбиња, туку домашната УБК незаконски, без налог ги следела своите граѓани. Од друга страна, изминатата недела се случија два инциденти кои не доликуваат на судската власт, следени, според изворите од судовите, со вербални па дури и со физички пресметки. За најновата истрага на СЈО „Таргет" и за случувањата во судството на ден пред почетокот на политичката кампања на предизборната кампања ќе се зборува во Стадион." Водителката се осврна на прес-конференцијата на СЈО изнесувајќи факти од истата, како и на прашањата на новинарите. Потоа се емитуваше снимка на обвинителката Ленче Ристовска. Водителката ги пренесе изјавите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ по пресот на СЈО. Беше пренесена изјавата и на прислушуваната новинарка Мери Јордановска која рече дека веќе никој со неа не разговара по телефон. Слушателите беа поделени во ставовите во однос на прес-конференцијата и прислушуваните разговори.

*„Моја општина"*

На 12 ноември 2016 година, во **„Моја општина – Струмица"** (09:41:12–09:52:14) се претставени следниве активности и случувања: „Заврши уредувањето на новиот парк во населеното место Куклиш"; „Во рамките на реализацијата на проектот „Создавање на поволно деловно опкружување за економска одржливост на прекуграничниот регион Струмица - Кичево – Кукуш" - Бизнис Мрежа С-К-К, финансирана од ЕУ преку ИПА програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција 2007-2013"; Во хотелот „Сириус" тридневна обука на тема „Успешно претставување на саем"; „Струмица до 2020 година ќе биде општина со повеќе атрактивни инвестициски можности за забрзан развој на економијата и земјоделството, со современо просторно и урбано планирање, енергетски ефикасни јавни и приватни објекти, развиена инфраструктура, здрава животна средина и со стручна администрација која по највисоки стандарди ќе обезбеди квалитетни услуги на граѓаните и бизнис заедницата", истакна Никола Годев од ЛЕР на Општина Струмица; „Во домот на АРМ се одржа јавна расправа за Стратегијата за унапредување на родовата еднаквост на општина Струмица за 2017 – 2020 година"; „Во домот на АРМ се одржа јавна расправа по предлог Стратегијата и Акциониот план за култура на општина Струмица 2017 – 2022 година.

На 12 ноември 2016 година, во **„Моја општина – Тетово"** (12:57:06–13:18:36), беа емитувани следниве прилози: Општина Тетово неделава беше домаќин на регионалната конференција на регионалните

организации на Жените за мир, безбедност и правда во Југосточна Европа. На конференцијата присуствуваа многу личности од политиката, дипломатијата, академијата, а се зборуваше за теми за улогата на жените во локалната самоуправа и улогата на жените со потенцијал за промени. Градоначалничката Теута Арифи ја истакна важноста и тежината на жената во демократските процеси, особено на локално ниво. Беше објавена вест од претходната емисија за 42 седница на Советот на општината. На 3 ноември беше означен почетокот на американската фабрика Лиер која започна со работа во економската слободна зона во Тетово. Присуствуваше и градоначалничката Теута Арифи.

На 12 ноември 2016 година, во **„Моја општина – Куманово"** (17:17:53 – 17:35:49) се претставени следниве активности и случувања: 10-тина улици во градот се бекатонирани и асфалтирани. Наскоро се очекува да завршат градежните активности на уште неколку локации. Во Општина Куманово велат дека ќе ги почитуваат законските одредби и за време на изборната кампања нема да има свечено пуштање, но граѓаните треба да бидат информирани. Занаетскиот дом нема да биде готов за денот на градот, бидејќи ситните градежни работи во внатрешноста се уште траат. Здружението на угостители поднесе барање до Општината за одржување на празнични ноќи за 11 и 12 ноември, во деновите на денот на градот. Овие два дена имаше продолжување на работното време, а кафеаните не плаќаа надомест. Вечер на музиката на Трајко Прокопиев во Центарот за култура. Се одржа концерт и се одбележаа 35 години од постоењето на Центарот со гости од МОБ. СОУГ „Гоце Делчев"-Куманово организираше крводарителска акција во соработка со Црвениот крст. Собрани се 86 крвни единици од полнолетните средношколци. 48 ученици од ОУ и СОУ учествуваа во натпревар во пливање.

На 19 ноември 2016 година, во **„Моја општина – Струмица"** (09:35:45–09:47:36) се претставени следниве активности и случувања: Во домот на АРМ, вечерва, со почеток во 18 часот се одржа првата сесија на Граѓанскиот буџетски форум во организација на општина Струмица и Центарот на заедницата. Граѓаните имаа можност да ги проследат планираните програми и проекти за 2017 година, да дискутираат по нив, но и да предлагаат свои проекти во рамките на програмите. Станува збор за осум програми, и тоа: Улици и патишта, Локален економски развој, Уредување на рурални подрачја, Образование, Социјална заштита, Уредување на градежно земјиште, култура и спорт. Беше презентирано и досегашното извршување на буџетот за 2016 година, а беа претставени развојните програми како дел од предлог буџетот за 2017 година. Струмица е прва Општина во државата која го практикува партиципативното носење на буџетот, вели секретарот на Општината Киро Парталов и додаде дека главниот збор го имаат граѓаните и нивните предлози за реализација на проекти кои се од витално значење за развојот на општината и подобрување на квалитетот на нивното живеење. Заврши поставувањето втор слој асфалт на локалниот пат од Струмица кон населеното место Просениково, односно, на делницата од „Сале комерц" кон Просениково, а согласно склучениот договор меѓу општина Струмица и АД „Гранит" од Скопје. Овој градежен зафат се реализираше со средства од буџетот на општина Струмица. Оградено е и спортското игралиште. Изградбата на фекалниот канализационен систем во населеното место Добрејци е во завршна фаза. Според Тони Милушев, раководител на одделението за локален економски развој на општина Струмица, досега е поставена канализациона мрежа во должина од 10.761 метар со 240 ревизиони шахти, остануваат уште неколку зафати кои што треба да завршат до крајот на месецот. Финансиските средства во висина од 36 милиони денари беа обезбедени од Европската инвестициона банка, а врз основа на претходно подготвена апликација од администрацијата на општина Струмица, прифатена и одобрена од нивна страна.

На 19 ноември 2016 година, во **„Моја општина – Тетово"** (13:03:43–13:09:02), беа емитувани следниве прилози: Теута Арифи по повод прославата на 15 години на Универзитетот на ЈИЕ изјави дека се заблагодарува на оваа институција што донира корпи за отпадоци на Општина Тетово. Амбасадорот на ЕУ Самуел Жбогар ја посети Општина Тетово за да се запознае со проблемите на локалната самоуправа. Градоначалничката Теута Арифи искажа задоволство и благодарност од посетата на амбасадорите на ЕУ и Шпанија кои и помагаат на Општина Тетово преку проекти.

На 19 ноември 2016 година, во **„Моја општина – Куманово"** (17:16:13 – 17:36:35) се претставени следниве активности и случувања: Со повеќе активности беше одбележан денот на градот. Присуствуваа

гости од збратимените градови Никшиќ, Драч, Бјелина и други. Се одржа концертот на групата Милиграм. Фадиљ Шабани, директор на ЈП Градски паркинг, истакна дека стариот градски парк ќе биде осветлен до крајот на месецот. Изградбата на јавното осветлување е при крај. Во ЦК „Трајко Прокопиев“ отворена изложба од колонијата Крапино, а градоначалникот Зоран Дамјановски рече дека ќе ги поддржува колониите, бидејќи тие се белег на Куманово. СОУ „Наце Буѓони“ од Центарот за интеркултурна соработка Цип имаа презентација на идеи за младинските претставувања.

***Сектор за програмски работи***